**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6475 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на*

*распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  *(3) „Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  *(4) „Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  *(11) „Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

## 6. Констатации од надзорот:

*__Дневно-информативни емисии__*

Вкупното време од 8 часа 16 минути и 53 секунди, евидентирано во завршниот период од изборната кампања - од 1 до 9 декември, ги опфаќа новинарските прилози емитувани во информативните емисии - Пладневен радио весник од 15:30 часот, и Радио 22, со исклучок на изданието од 4 декември – недела, кога поради поставеноста на програмската шема, во аналитичкиот примерок влезе изданието на радио-весникот од 14 часот.

Пресметките за – *„информативниот баланс за време на изборна кампања"*, во посочените дневно-информативни емисии на Првата програма на Македонското радио, пред сè ги следат општите одредби за медиумско известување во време на изборна кампања – опфатени со членот 75 од Изборниот законик (чии одредби се таксативно цитирани во точка 5 од извештајов), но предвид ги имаат и посебните „математички одредби" за структурата на дневно-информативните изданија, за Јавниот радиодифузен сервис поставени во членот 76 став 2:

- *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија";*

Оттука, пак, при анализата беа земени предвид и насоките од интерниот, уредувачки документ на Јавниот радиодифузен сервис - *„Правила за медиумско покривање на изборни процеси - за рамномерно политичко претставување"*, чие поглавје – *„Покривање на изборите во вести"*, произлегува непосредно од погоре цитираниот член 76 став 2 на Изборниот законик.

Според сиот комплекс посочени регулациски нивоа, споредбената анализа на минутажите отстапени за учесниците во изборната кампања покажува дека Првиот програмски сервис на Македонското радио - и во Пладневниот радио-весник и во вечерната информативна емисија Радио 22, беше релативно доследен до пропишаниот - процентуален распоред на информативната структура на поединечните дневно-информативни изданија, давајќи им, сепак, новинарска предност на актуелните настани и случувања што во поширок, вонпартиски опфат ја засегаат домашната и светската јавност:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 26%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 27%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 39%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 8%;

Статистиката, пак, за рамномерноста во распоредот на информативната минутажа отстапена за кампањите на учесниците во изборната кампања, погледната споредбено по принципот – „*број на потврдени кандидатски листи според изборни единици*" - покажува дека Првата програма на Македонското радио се решила овој информативен аспект да го спроведе така што ќе воспостави рамномерен распоред помеѓу две споредбени изборни групации: Првата - помеѓу кампањите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (1 час 30 минути) и Коалицијата предводена од СДСМ (1 час и 30 минути), Втората – помеѓу кампањите на ДУИ (36 минути), како дел од владејачката парламентарна структура, и кампањите на опозициските - ДПА (26 минути) и на Коалицијата за промени и правда (19 минути). Во оваа смисла, забележливо е дека - не е докрај почитуван принципот за рамномерност пропишан со Изборниот законик – „*според бројот на потврдени листи со кандидати*, (посебно ако се има предвид дека ДПА, на пример, има кандидатски листи во пет изборни единици, наспроти сите други споменати што имаат листи во седум, односно во шест изборни единици.

Принципот на пропорционалност не е почитуван ниту во делот од вестите наменет за активностите на учесниците во изборниот процес кои не се застапени во Собранието на Република Македонија.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:30:54 | 71,51 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:36:13 | 28,49 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:07:07** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:30:34 | 66,43 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:26:01 | 19,08 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:19:45 | 14,49 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:16:20** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Граѓански сектор | 00:26:52 | 13,83 | % |
| Влада на РМ | 00:13:21 | 6,87 | % |
| АРМ | 00:02:56 | 1,51 | % |
| Судство | 00:03:43 | 1,91 | % |
| ДИК и други органи | 00:31:49 | 16,38 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:15:04 | 7,76 | % |
| Без субјекти | 00:17:04 | 8,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:27 | 6,41 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:50 | 0,43 | % |
| Други субјекти | 00:30:26 | 15,67 | % |
| Претседател на РМ | 00:20:13 | 10,41 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:15 | 2,70 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:38 | 2,39 | % |
| Вести од светот | 00:06:41 | 3,44 | % |
| Привремена комисија | 00:00:57 | 0,49 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:58 | 1,01 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:14:14** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:21:40 | 55,27 | % |
| Левица | 00:03:37 | 9,23 | % |
| Беса | 00:03:54 | 9,95 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:03 | 7,78 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:07 | 2,85 | % |
| Либерална партија | 00:05:51 | 14,92 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:39:12** | 100 | % |

**Вкупно: 08:16:53**

Вака опишани, известувачките тенденции се потврдуваат и во начинот по кој новинарски/уредувачки и продукциски/технички беа пренесувани организираните предизборни облици на настап пред гласачкото тело. Имено, тенденцијата беше новинарски да се известува преку основните жанровски облици на вест (вести во низа, со кои беше најавуван, па потоа сработен одреден митинг или друг облик на предизборна активност) и на извештај, но и преку официјални (партиски/коалициски) соопштенија, при што, без каков било новинарски коментар, преку (тонски) цитати или со нахсинхронизација беа проследувани јавно искажаните политички поенти. Покрај споменатите, ривалски поставени, парламентарни коалиции и партии што беа застапени со најголем информативен квантум во првата – „математичка" обврска за структурата на радио-весниците на Македонско радио 1, во статистиката што ја посочува категоријата – „директни обраќања", односно – (тонски) цитати од искажаното за време на кампањата, со забележителен обем се појавува и вонпарламентарната - Коалиција ВМРО за Македонија (безмалку 9 минути проследени низ цитати од обраќањата до потенцијалното гласачко тело, од вкупните 21 минута и 40 секунди отстапени за нејзината кампања).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| **Македонско радио 1** | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Граѓански сектор | 00:07:52 | 3,35 | % |
| Влада на РМ | 00:06:21 | 2,71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:23 | 1,44 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:03:17 | 26,98 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 01:09:51 | 29,78 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:11 | 1,78 | % |
| Други субјекти | 00:06:55 | 2,95 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:56 | 6,37 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:12:30 | 5,33 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:08:47 | 3,75 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:08:42 | 3,71 | % |
| Либерална партија | 00:03:54 | 1,66 | % |
| Беса | 00:01:36 | 0,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:29 | 1,91 | % |
| Претседател на РМ | 00:07:23 | 3,15 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:50 | 0,78 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:40 | 1,14 | % |
| Судство | 00:00:50 | 0,36 | % |
| АРМ | 00:01:16 | 0,54 | % |
| Левица | 00:02:58 | 1,26 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:51 | 0,36 | % |
| | **Вкупно: 03:54:32** | 100 | % |

И покрај „математичките" обврски, политички врамени преку Изборниот законик, Македонско радио 1 и во завршниот период од изборната кампања си остана доследно на својот уредувачки принцип – најмногу време да им посвети на актуелности од домашниот општествено-политички живот вон содржинските рамки на стриктна партиска организација. Оттаму големото количество новинарски обработена минутажа за различните домени на тековната граѓанска иницијатива, што не беше нужно и исклучиво поврзана со демократизација на изборната процедура и на изборниот процес (на пример: *одбележување на Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА; Народниот правобранител со јавен повик да не се злоупотребуваат деца во изборните кампањи; дебатата за алтернативно решавање на споровите и спроведување реформи во областа на правосудството, организирана од Институтот за европски политики; „Меѓународен ден на лицата со инвалидитет", пригодно одбележан од Националниот совет на инвалидски организации на Република Македонија, и граѓанските организации - „Мобилност Македонија" и Републичкиот центар за лица со интелектуална попреченост, со учество и на Министерството за труд и социјална политика; објавата на резултатите од истражувањето за семејното насилство во регионот на Куманово, презентирани од граѓанското здружение „Флоренс Најтингел", поддржано од „Цивилис мобилитас" и од Швајцарската агенција за развој и соработка; објавата резултати од испитување на јавното мислење во врска со изборниот процес, спроведено од Институтот „Павел Шатев"; активности на Стопанската комора и промоцијата на Прирачникот за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб; извештаи од граѓанските протести во Скопје против аерозагадувањето;*).

Со двоцифрена минутажа, главно низ куси но редовни вести и извештаи, беа проследени финалните организациски работи на Државната изборна комисија (*одговорите на потенцијални предизборни приговори од политички партии или од граѓани; објавата првичен финансиски извештај за трошоци од кампањата на учесниците во изборниот процес; печатењето и дистрибуцијата на изборниот материјал;*), но и активностите на Ѓорге Иванов, претседателот на државата (*неговите дипломатски средби во прилог на соочувањето со бегалската криза; посетите на јужната македонска граница; покровителството на манифестацијата на која Сојузот на стопанските комори додели годишни награди на македонски фирми за одржување висок квалитет на производите; учество на Конференцијата за млади лидери - „Предизвиците и можностите на денешната младина"; јавниот повик за фер и демократска изборна процедура;*).

Од другите поважни општествено-политички настани за периодот од 1 до 9 декември, во кои беа вклучени претставници на министерствата или на органите на државната управа, мониторингот ги бележи: *средбата на Диме Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика со здруженија на лица со посебни потреби и лица со инвалидитет; тековни судски процеси и изборот на в.д. претседатели на Врховниот суд и на Кривичниот суд; решенијата на Државната комисија за спречување на корупцијата за (не)основаноста на претставките за прекршување на изборната процедура; средбата на шефовите на македонската и на унгарската дипломатија - Попоски / Сијарто; учеството на министерот Попоски на 23-от Министерски совет на ОБСЕ, одржан во Хамбург; работата на Комисијата за следење изборни нерегуларности (Јавно обвинителство); обраќањето на премиерот Димитриев при рестартирањето на рудникот Тораница; работата на Фондот за иновации - доделување награди за млади иноватори; куси прилози на еколошки теми поврзани со работата на органите на државната и на локалната управа; настаните од државното чествување на 1100 години од смртта на Св. Климент Охридски, и доделувањето државни награди за образование и култура;).*

## ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

### *<u>Дебати</u>*

На 5 декември, од 16:30 во емисијата „Актуелно" реализирана е првата дебата во организација на Првата програма на Македонското радио. Беа поставени повеќе теми поврзани со политичките гледишта или со изборната понуда во програмите на дел од учесниците во изборниот процес: надворешната политика - евро-атлантските интеграции; безбедносната политика; плановите за борба против корупцијата и организираниот криминал; ставовите за статусот и работата на Специјалното јавно обвинителство; социјалните перцепции (предизвици и перспективи); односот кон политичките потенцијали на Охридскиот рамковен договор. Учесници во дебатата беа: Ивон Величковски (ЛП), Марија Џонс (Левица), Слободан Богоевски (Коалиција за промени и правда). Пред почетокот на дебатата, новинарот-модератор јасно ги образложи правилата за дебатата, со нагласка дека преку електронска пошта и преку телефон биле поканети 11 претставници на партии/коалиции – учесници во изборниот процес, но дека за првата дебата се одзвале само тројцата споменати.

Во втората дебата од 7 декември, одржана во истиот термин – 16:30 часот, за емисијата „Актуелно", на тема – економската програма на учесниците во изборната кампања, учествуваа – Петре Шилегов од СДСМ, Ден Дончев од Коалицијата ВМРО за Македонија, Александар Делов од Коалицијата за промени и правда, и Здравко Савевски од Левица. Теми произлезени од главното дебатно прашање беа: плановите за намалување на невработеноста; фискалната политика; односот кон развојот на малите и на средните претпријатија, и гледиштата за потенцијалот на младата работна сила.

***Сектор за програмски работи***